Машински факултет
Број 02-214/6
26.3.2026 год.
Скопје

Врз основа на член 173 став 1 и 2 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018), член 69 став 1 точка 8 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), како и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018), во врска со Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област 1.01.00.01 Математика во Одделот за математика и информатика на Машински факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 31-та редовна седница одржана 26.3.2026 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за избор во наставно-научно звање вонреден професор

Доцент д-р Томи Димовски, се избира во наставно-научно звање вонреден професор во научната области 1.01.00.01 Математика во Одделот за математика и информатика на Машински факултет во Скопје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, за време од пет години.

О б р а з л о ж е н и е

Деканот на Машински факултет во Скопје, на 2 февруари 2026 година, распиша Конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област 1.01.00.01 Математика во Одделот за математика и информатика.

Конкурсот за избор е објавен во дневните весници Вечер и Коха.

На Конкурсот се пријави д-р Томи Димовски, доцент на Машински факултет во Скопје.

Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 26 март 2026 година, изјаснувајќи се по предлогот во Рефератот на Рецензентската комисија, објавен во Билтенот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” - Скопје број 1348 од 1 март 2026 г., со мнозинство гласави од присутни 39 од вкупно 55 членови на Советот со наставно-научно звање, донесе одлука со која доцент д-р Томи Димовски се избира во наставно-научно звање вонреден професор во научната област 1.01.00.01 Математика во Одделот за математика и информатика.

Одлуката да се достави до: именуваниот, општа служба - досие, наставно-научен совет и архивата на Машински факултет во Скопје.

Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Златко Петрески

Изготвил: В.Гонтарева Темелковски
Проверил: Н.Алексиќ